***НИЗ СВЕТОТО ПИСМО со ДР. Џ. ВЕРНОН МЕКГИ***

**КНИГА:** Марко

**БИБЛИСКИ ТЕКСТ:** Марко 14:1-21

**ПРОГРАМА:** #4155

Оваа глава од Евангелието според Марко е најдолга; поточно, има 72 стихови. Во неа има многу повеќе акција отколку во последните две глави кои ги проучувавме. Но, Исус не е единствениот кој е вклучен во акција. Како апостолите, така и Неговите непријатели се дел од дејството кое се случува во овие стихови. Се приближува времето кога Исус треба да биде предаден. Неговата служба на земјата ќе заврши со зборовите на пророкот Исаија кој рекол: „Беше одведен како Јагне на клање…“ (Исаија 53:7). Марија го помазува, Јуда го предава, Петар се одрекува од Него, Синедрионот го заробува… а Тој е целосно предаден на волјата на Таткото.

Додека ја проучуваме оваа глава и доаѓаме се поблиску до крстот на кој Исус ќе умре, понизните срца ќе препознаат дека се наоѓаме на свето место. Во овие стихови постои длабочина која не може да се измери со ниту еден инструмент. Акцијата за која читаме во овие стихови, покрај другото, ја вклучува и агонијата и тагата на Неговата душа. Неговиот час конечно доаѓа. Во Јован 2:4, на почетокот од Неговата служба, Тој ѝ рече на Својата мајка: „Мојот час не е дојден.“ Но, во оваа глава читаме за Неговиот час.

Во глава 14 и 15, постои необична и несекојдневна согласност помеѓу рајот и пеколот. Светлината и темнината се движат во иста насока. Праведноста и гревот ќе се пресретнат на крстот. Бог одлучува да го даде Својот Син да биде жртвуван, а сатаната се согласува со тоа. Додека читаме за овие настани, ќе забележиме дека постојат две групи на луѓе; едните се согласуваат дека Тој треба да биде распнат, а другите знаат дека не го заслужува тоа.

Денес ќе почнеме со проучување на оваа глава, но ќе ја завршиме следниот пат. Еве го начинот на кој ја поделив:

1. Стихови 1-2, Првосвештениците и книжниците коват завера против Исус
2. Стихови 3-9, Марија од Витанија ја помазува главата на Исус

3. Стихови 10-11, Јуда го планира предавството на Исус
4. Стихови 12-25, Исус се подготвува за Последната Вечера и за воспоставување на Причеста
5. Стихови 26-31, Петар се заветува на верност
6. Стихови 32-42, Исус се моли во Гетсеманската градина
7. Стихови 43-52, Војниците го заробуваат Исус
8. Стихови 53-65, Исус се појавува пред Синедрионот
9. Стихови 66-72, Петар се одрекува од Исус

Сите овие настани се многу важни!

## ЗАВЕРА ПРОТИВ ИСУС

Започнуваме со читање на стих 1:

> **По два дни беше Пасха и празникот Бесквасници. (Марко 14:1а)**

Пасхата се празнувала на 14-от ден од првиот месец, согласно Левитска 23:5. Првиот месец се нарекувал Нисан, а според денешното броење на времето, станува збор за месецот април. Празникот за Бесквасни лебови се празнувал на 15-от ден од истиот месец, и траел седум дена. Во Левитска 23:6 пишува: „а на петнаесеттиот ден од истиот месец е Господовиот празник Бесквасници; седум дена јадете бесквасен леб.“

Планот на религиозните водачи е да го уапсат и убијат Исус на крајот од празнувањето на Пасхата, бидејќи по завршувањето на Пасхата, во Ерусалим ќе има помалку народ, а со тоа шансите за бунт помеѓу народот ќе бидат многу мали.

> **По два дни беше Пасха и празникот Бесквасници. А првосвештениците и книжниците сакаа да Го фатат на измама и да Го убијат; но велеа: „На празникот не, за да не стане бунт меѓу луѓето.“ (Марко 14:1-2)**

На крајот од седумте денови, голем дел од луѓето кои доаѓаат во Ерусалим за празникот, ќе се вратат дома. Тоа е моментот кој религиозните водачи сакаат да го искористат за да ги остварат своите планови. Причината поради која не го прават тоа порано е затоа што се плашат од луѓето. Обичниот народ со задоволство го слушал Исус; покрај другото, затоа што ги исцелувал и хранел.

## ИСУСОВОТО ПОМАЗАНИЕ ВО ВИТАНИЈА

Забележете што пишува во стих 3.

> **А кога беше Тој во Витанија, во куќата на Симон Лепрозниот, и седеше на трпеза, дојде една жена со шишенце скапоцен и чист нардов мирис и, кога го искрши шишенцето, го изли мирисот врз главата Негова. (Марко 14:3)**

Колку прекрасен чин! Во Евангелието според Јован глава 12 се вели дека овој настан се случил шест дена пред Пасхата. Иако во Матеј и Марко настанот е запишан веднаш пред Пасхата, тоа не значи дека станува збор за грешка. Нивната цел не е да дадат хронолошки редослед на настаните, туку да го вметнат овој прекрасен настан веднаш пред Јудиното предавство. Поентата е да се направи контраст помеѓу добро и лошо дело.

Во овие стихови читаме за многу јасен контраст и конфликт помеѓу светлината (делото на Марија од Витанија) и темнината (делото на Јуда). Патем, од Јован дознаваме дека оваа жена е Марија, сестрата на Марта и Лазар, и тоа е важно да го имаме на ум. Да продолжиме со читање на стих 4:

> **А некои негодуваа во себе и говореа: „Зошто мирисот да се растура? (Марко 14:4)**

Во Евангелието според Јован пишува дека Јуда е тој кој го поставува ова прашање, а другите му даваат поддршка. Во стих 5 читаме:

> **Тоа можеше да се продаде за повеќе од триста денарии, и да им се раздадат на сиромасите.“ И негодуваа против неа. (Марко 14:5)**

Јуда вели дека парите можат да се потрошат за добротворни цели, но не е целосно искрен. Тој сака да ги земе парите за себе. За жал, денес во некои цркви и христијански организации се случува истото. Читаме во текстот дека апостолите се бунат и велат: „Тие пари можеа да се употребат за сиромасите“. Ова звучи многу побожно. Но, прашањето е: ако овие пари му се дадат на Јуда, дали навистина ќе се употребат за таа цел?

Стих 6:

> **Но Исус рече: „Оставете ја неа; зошто ја буните? Таа направи добро дело за Мене! Сиромасите секогаш ги имате со вас и кога сакате, можете да им направите добро; но Мене Ме немате секогаш. (Марко 14:6-7)**

Постојат многу начини на кои може да им се помогне на сиромасите. Прашањето е, дали имаме желба за тоа? Но, сиромаштијата нема да биде искоренета се додека Христос не се врати. Идејата дека можеме да ја искорениме сиромаштијата така што ќе им помагаме на луѓето со давање пари, е една од најголемите заблуди. Тоа не е начин за да се справиме со сиромаштијата. Има многу други неправди во светот кои треба да се исправат, пред да можеме барем делумно да ја намалиме сиромаштијата.

Забележете што вели Господ во стих 8:

> **Тоа што можеше, таа го направи: однапред го помаза телото Мое за погребение. (Марко 14:8)**

Жената го направи тоа што го можеше. Токму тоа е она што Бог го бара од секој од нас! Во овие стихови читаме дека Марија има духовна проникливост која апостолите сè уште ја немаат. Таа го помазува Христовото тело и го припрема за погреб. Замислете! Со ова нејзино дело, таа покажува дека разбира што ќе се случи. Преку ова дело, Светиот Дух ни покажува колку е важно да разбереме кои се Божјите планови и намери.

Потоа, Исус продолжува и вели:

> **Вистина ви велам: каде и да се проповеда ова Евангелие, по целиот свет ќе се прикажува за нејзин спомен и тоа, што го направи таа. (Марко 14:9)**

За овој мирис се зборува низ целиот свет, секојпат кога се проповеда Евангелието. Нам денес ни е лесно да ги читаме овие стихови, но прашањето е: дали имаат некакво значење за нас? Дали сме подготвени да го дадеме тоа што ни е највредно за служба на Бог и за благослов на другите? Дали сме подготвени да го дадеме тоа што ни е највредно таму каде што е најпотребно? Мислам дека е

време да ги скршиме шишенцата со мирис и нашите ресурси да ги дадеме за служба на Бог!

**ДОГОВОРОТ НА ЈУДА ДА ГО ПРЕДАДЕ ИСУС**

Доаѓаме до стих 10 и 11. Веднаш по ова прекрасно дело во кое има светлина и љубов, читаме дека Јуда планира да го предаде нашиот Господ.

> **Тогаш Јуда Искариот, еден од дванаесетте, отиде кај првосвештениците за да им Го предаде. А тие, штом чуја, се зарадуваа и ветија да му дадат пари. И бараше погодно време за да Го предаде. (Марко 14:10-11)**

Тој почнува да крои планови за да го предаде на Неговите непријатели. Но, подготвен е да чека погодно време во кое ќе го оствари своето предавство. Кога Господ Исус се спротивставува на идејата да се продаде мирисот, Тој всушност свесно го допира Јуда таму каде што најмногу го боли. Потоа, му вели на Јуда: „Тоа што си наумил да го правиш, направи го брзо.“ Јуда оди кај фарисеите и им вели: „Заробете го побрзо, бидејќи нашите планови се разоткриени. Самиот Тој ми кажа дека ги знае моите планови“.

**ПАСХАТА**

Забележете што пишува во следните стихови. Господ се подготвува за Пасхата. Ќе го прочитаме стих 12:

> **Во првиот ден на Бесквасници, кога го колеа Пасхалното јагне, учениците Негови Му рекоа: „Каде сакаш да отидеме и да приготвиме, за да ја јадеш Пасхата?“ (Марко 14:12)**

Во овие стихови читаме за уште еден интересен настан. Пасхата треба да се јаде со бесквасен леб, а потоа следуваат седум денови во кои се продолжува со јадење бесквасен леб (Излез 12:14-20). Еднаш бев во Израел за време на Пасха. Дури и во хотелот во кој престојував во следните седум денови се служеше само бесквасен леб. Искрено, воопшто не ми се допаѓаше тој леб. Останатиот дел од храната беше вкусен, но лебот - не баш. Печеното јагне беше приготвено на одличен начин. Кога сте таму, може да приметите дека станува збор за област во која се одгледуваат јагниња. Токму на тоа место Јагнето Божјо ги зема гревовите на светот врз Себе.

Во овие стихови читаме дека учениците сакаат да бидат послушни на Мојсеевиот Закон и достојно да ја подготват Пасхата. Затоа го прашуваат: „Каде сакаш да ја јадеме Пасхата?“

> **И прати двајца од учениците Свои, па им рече: „Отидете в град; и ќе ве сретне еден човек, што ќе носи вода во стомна; одете по него. И каде што ќе влезе тој, кажете му на домаќинот: ‚Учителот прашува: каде е собата, во која ќе ја јадам Пасхата со учениците Свои?‘ (Марко 14:13-14)**

Овие стихови се доказ дека учениците навистина го сакаат и почитуваат, бидејќи имаат желба да му служат со тоа што ќе ја подготват Пасхата за Него. Патем, овој текст е потсетување дека Тој е Бог кој знае сè - точно им кажува на учениците каде да одат. Домаќинот е најверојатно еден од Неговите следбеници. Мислам дека во текот на Исусовата тригодишна служба, домаќинот најмалку еднаш му понудил на Господ Исус да престојува во неговиот дом. Можеби му рекол: „Кога ќе дојдеш во Ерусалим за Пасха, оваа соба ќе биде подготвена за тебе!“ Со тоа, домаќинот на куќата му служи на Господ Исус. Има многу нешта кои можеме да ги направиме за Него, само прашањето е дали сме спремни за тоа.

> **И тој ќе ви покаже голема соба, послана, приготвена; таму згответе ни.“ (Марко 14:15)**

Собата е веќе подготвена, што значи дека некој веќе се потрудил да направи сè што е потребно за да биде средена. Господ Исус сака да ја јаде оваа Пасха само со Неговите ученици; затоа не треба да нè чуди тоа што домаќинот не е присутен да им ги измие нозете на гостите - каков што бил обичајот во тоа време. И претходно читавме за ваков сличен настан, кога еден од учениците беше спремен да го даде своето младо магаре за потребите на Исус.

> **И излегоа учениците Негови и дојдоа во градот, и најдоа како што им беше рекол, па ја приготвија Пасхата (Марко 14:16)**

Доаѓаме до празнувањето на Пасхата

> **А кога се стемни, Тој дојде со дванаесетте. (Марко 14:17)**

Пасхата започнува на зајдисонце, затоа Исус и учениците доаѓаат во собата откако се стемнува. Подоцна ќе биде предаден, заробен и измачуван, но пред да се случи тоа, Тој сака да ја празнува Пасхата со Неговите ученици. Сè што се случува, се случува според Неговиот план и распоред.

„…**Тој дојде со дванаесетте“**, ова е прекрасен момент. Исус ја јаде Пасхата со Своите ученици, без брзање, и сосем неформално. Ова е нивниот последен заеднички оброк пред распнувањето и воскресението. Следниот пат кога ќе делат оброк, тоа ќе биде на Галилејското Море, по Неговото воскресение.

Нема нешто лошо во тоа кога луѓето од црквата организираат заеднички оброци. Иако мислам дека таквите настани може да се корисни, сепак според начинот на кој се организирани - сметам дека многу често ја промашуваме целта. Прекрасно е кога луѓето се собираат и имаат заедништво. Но, кога Христос не е во центарот на нашето внимание, таквите настани не можеме да ги наречеме духовно заедништво, бидејќи ја промашуваме целта. Целта на Пасхата била луѓето да се потсетат на Божјото дело и на улогата на јагнето. Целта на денешните црковни собири треба да биде иста, да се потсетиме на Божјото откупително дело и жртвата на Божјото Јагне.

> **И кога седеа и јадеа, Исус им рече: „Вистина ви велам: еден од вас, што јаде со Мене, ќе Ме предаде.“ Тие се разжалостија и почнаа еден по друг да прашуваат: „Да не сум јас?“ (Марко 14:18-19)**

Секој од апостолите е свесен дека може да направи такво нешто. Ако не си свесен за твојот грев - потребна ти е пореална слика за твојата духовна состојба. Секој од нас е способен да му го сврти грбот на Бог. Ако мислиш дека не можеш да сториш такво нешто - не се познаваш себеси доволно. Денес во црквата има многу луѓе чија духовна интелигенција е на ниско ниво. „Телесниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух“ (1 Коринтјаните 2:14). Телесните луѓе не сфаќаат дека се духовно изгубени и слаби. Од друга страна, апостолите прашуваат: „Да не сум јас?“

> **А Тој им одговори и рече: „Еден од дванаесетте е, што мака со Мене во чинијата. Но Синот Човечки заминува, како што е пишано за Него. Само тешко му на оној човек, преку кого Синот Човечки ќе биде предаден; подобро ќе беше за тој човек, да не се беше родил!“ (Марко 14:20-21)**

Јуда Искариотски е тој кој го предаде. Неговата одговорност за ова дело е многу голема, бидејќи до моментот на предавството, веќе три години го следел Исус. Сетете се на пророштвото за овој настан, запишано во Псалм 41:9: „Дури и пријателот мој, во кого имав доверба, кој јадеше мој леб, ја крена ногата против мене.“

Следниот пат ќе продолжиме со проучување на останатите стихови.